**Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ – Република Македонија**

---

# Стратегија за унапредување на правата на децата на подрачјето на Град Скопје 2023-2027

Поддржано од

Град Скопје

Ноември, 2022 година

# Содржина


**1. ВОВЕД ........ 3**

**2. ПОСТОЈНА СОСТОЈБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАДОТ СКОПЈЕ НА ПОЛЕТО НА ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ........ 4**

**2.1** Состојба во областа недискриминација ........ 4
**2.2.** Состојба во областа на здружување на децата и нивно учество во одлучувањето ........ 5
**2.3.** Состојба во поглед на безбедноста на децата во Град Скопје ........ 7
**2.4.** Состојба со децата на улица на територијата на Градот Скопје ........ 8

**3. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВРЕДНОСТИ НА СТРАТЕГИЈАТА ........ 9**

**3.1.** Визија ........ 9
**3.2.** Мисија ........ 9
**3.3.** Принципи и вредности ........ 9

**4. ПРИОРИТЕТИ, СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И СТРАТЕГИИ ........ 10**

**4.1.** Приоритет бр. **1:** Недискриминација ........ 10
**4.2.** Приоритет бр. **2:** Здружување и учество во одлучувањето ........ 10
**4.3.** Приоритет бр. **3:** Безбедност ........ 12
**4.4.** Приоритет бр. **4:** Деца на улица ........ 12

**5. ВКЛУЧЕНИ ЧИНИТЕЛИ И СОРАБОТКА ........ 14**

**6. СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА И МОНИТОРИНГ И ОЦЕНКА ........ 15**

**АКЦИСКИ ПЛАНОВИ ЗА 2023 ........ 17**

# 1. ВОВЕД

Правата на децата подразбираат многу аспекти вклучувајќи право на семејство и родители, идентитет, физичка заштита, образование, здравствена заштита, заштита на граѓанските права на детето, слобода од дискриминација врз основа на раса, пол, сексуална ориентација на детето, национално потекло, религија, инвалидитет, боја, етничка припадност или други карактеристики, како и низа други права. Градот Скопје сериозно им приоѓа на проблемите поврзани со правата на децата и е решен да ја овозможува и поддржува примената на Конвенцијата за детски права на своето подрачје.

Имајќи предвид дека Националниот план за акција за правата на децата (НПАПД) кој беше донесен во 2005 и ревидиран во 2012 година истече во 2015 година, при што нов акциски план не е изготвен, Градот Скопје смета дека треба да биде адресирано ова прашање и се заложи да го спроведе проектот „Стратегија и Акциски план за унапредување на правата на децата и Акциски план за поддршка на деца на улица/улични деца во Град Скопје“. Намерата беше овој проект да придонесе кон унапредување на правата на децата во Градот Скопје. Целта на проектот беше да се обезбеди поддршка на Градот Скопје во развој на стратегија и механизми со кои во следните пет години ќе се овозможи поцелосна имплементација и промоција на Конвенцијата за правата на детето и ќе се применуваат стандардите на Конвенцијата, со посебен осврт кон стратешко решавање на горливиот проблем на градот - децата на улица.

Првата детска амбасада во светот - Меѓаши беше главен партнер на Градот Скопје во спроведувањето на овој проект и го водеше процесот на подготовка на Стратегијата. Меѓаши работи на заштита и одбрана на детските права со што се стреми кон остварување на својата визија за „Поправеден свет за секое дете“. Организацијата има 30 годишно искуство во директна работа со децата и нивна поддршка, како и соработка со институциите на овие прашања. Проектот е дел од Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во Град Скопје и се спроведе во периодот мај-ноември 2022.

Оваа Стратегија која е разултат на проектот е подготвена водејќи се од потребите констатирани низ анализите кои беа изработени како дел од проектот, како и врз основа на мислењата и предлозите кои беа прибрани низ широк консултативен процес во кој беа вклучени сите релевантни чинители.

На почетокот беа направени две сеопфатни истражувања. Првото беше истражување за правата на децата кое имаше за цел да ја утврди моменталната состојба на почитување на правата на децата во Град Скопје, а беше реализирано преку анализа на правна и институционална рамка, анкета со деца и интервјуа со локални чинители. Второто истражување се однесуваше на децата на улица на подрачјето на Град Скопје и имаше за цел да ја констатира фактичката состојба со децата на улица, а беше базирано на анализа на статистички податоци, голем број документи, публикации и научни трудови кои се поврзани со социјалната поддршка на децата на улица, анкета со родители на деца на улица, партиципативно набљудување на децата на улица и студии на случај.

Од клучно значење беше во процесот да бидат вклучени сите засегнати страни, заради што веднаш на почетокот на проектот беше формирана работна група која се состои од претсавници на повеќе институции и установи како на национално така и на локално ниво, вклучувајќи повеќе

министерства, Народен правобранител, училишта, повеќе сектори во Градот Скопје, Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Скопје, како и граѓански организации кои работат на овие теми. Работната група зема активно учество во сите фази на проектот, од истражувањето до самото изготвување на Стратегијата и акциските планови и во континуитет обезбедуваше советување, неопходни податоци и насоки во сите фази на процесот. Работната група реализираше две средби и една тридневна работилница. Првиот состанок, конститутивен, беше одржан на 20 мај 2022 година, на кој беше претставен проектот, очекувањата од работната група, динамиката и временската рамка. Вториот состанок се одржа на 28 октомври 2022 на кој беа презентирани и дискутирани наодите од двете истражувања. Во период од 14 до 16 ноември 2022 година во Кочани се спроведе работилница за стратешко планирање во која работната група преку партиципативен пристап активно работеше на идентификување на приоритетните области, дефинирање на стратешките и специфичните цели, осмислување на стратегиите и изработување на акцискиот план за унапрдување на правата на децата и акцискиот план за поддршка на децата на улица. Работилницата, како и процесот на подготовка на документот кој следуваше беше воден од надворешен консултант –специјалист за стратешко планирање. Во овој документ кој е резултат на процесот на стратешко планирање се земени предвид и мислењата на група средношколци кои учествуваа и дадоа предлози на две работилници кои беа оганизирани на 9-ти и 10-ти ноември. Текстот на Стратегијата пред да биде поднесен до Градот Скопје во нацрт форма беше доставен и за коментари од страна на работната група.

# 2. Постојна состојба на подрачјето на Градот Скопје на полето на почитување на правата на децата

## 2.1 Состојба во областа недискриминација

Македонија ја ратификува Конвенцијата за правата на детето во 1993 година и со тоа презеде обврска да ги спроведува стандардите на Конвенцијата на сите нивоа. Согласно преземените обрвски државите треба да ги почитуваат и обезбедуваат правата содржани во Конвенцијта за секое дете без никаква дискриминација и без оглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго убедување, националното, етничкото или социјалното потекло, имотната состојба или друг статус на детето или на неговиот родител или старател. Улогата на локалната самоуправа во спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето е дека, целокупната норматива на локалната самоуправа, одлуките што ќе се донесуваат и активностите што ќе се преземаат, ќе се потпираат врз основните принципи утврдени со Конвенцијата. Сите органи и поединци законски се обврзани да го почитуваат начелото на недискриминација, а непочитувањето на истото треба да се санкционира. Сепак и покрај сето ова се забележуваат низа проблеми кои сериозно го нарушуваат принципот на недискриминација. Согласно истражувањето за правата на децата за град Скопје на прашањето „Дали во некоја ситуација си се чувствувал/а понижено?“, 30,1 % од децата се почувствувале понижено еднаш или два пати, додека 22,1 % изјавиле дека тоа им се случува повеќе пати. Трите најчести причини за понижување

според испитаниците се успехот на училиште, возраста и полот. Голем дел од испитаниците дополнително навеле дека физичкиот изглед исто така е причина за понижување[1].

И покрај тоа што темата недискриминација е опфатена во образовните содржини, општ впечаток е дека по тоа прашање не се работи доволно во училиштата или преку одредени програми и проекти на граѓанските здруженија, па постои недоволна едукација меѓу децата и младите за прашањето со недискриминација. Се уште кај децата и младите е недоволно развиена свеста и сензитивноста за различностите и кај нив се јавуваат стереотипи и предрасуди особено по прашања на социјален и економски статус и род. Согласно Конвенцијата за прававата на детето, сите деца треба да имаат еднаков пристап до јавните институции; сепак се забележуваат потешкотии по тоа прашање затоа што не сите институции имаат пристап за лица со попреченост и на тој начин им се нарушени нивните можности да реализираат одредени свои потреби. Има и примери каде некои од децата немаат лични документи, како извод од матична книга на родени, проблем кој подоцна им оневозможува на тие лица да користат здравствена заштита или да се вклучат во образовниот процес. Како проблем се јавува некоординираност на централно и локално ниво, како и непримена на механизми за заштита на децата од дискриминација.

## 2.2. Состојба во областа на здружување на децата и нивно учество во одлучувањето

Според членот 15 од Конвенцијата за правата на детето,  децата имаат право на здружување и на слобода на мирно собирање. Токму тоа, не само што им дава за право, туку и ги обврзува училиштата да ги учат учениците на демократско раководење и владеење на тој начин што ќе обезбедат организирани форми на активно вклучување на учениците во демократските процеси. Во истражувањето (2013 г.) за Стратегијата за млади[2] во Град Скопје е забележано дека младинскиот активизам и покрај тоа што е присутен во одредени форми сепак е многу низок на локално ниво. Во истражувањето е забележано дека, мал дел од младите членуваат во здруженија на граѓани и во политички партии, а исто така мал дел имале искуство со волонтирање, иако генерално го поддржуваат волонтерството. Од друга страна и локалните институции не се трудат преку достапни медиуми и канали да ги информираат младите. Согласно Стратегијата за млади на Град Скопје, младинското учество во донесувањето одлуки според 65% од испитаниците се остварува само делумно, бидејќи тие сметаат дека средношколските организации не успеваат целосно да ги претстават младинските интереси и да овозможат учество. 73% од испитаниците во истражувањето за потребите на Стратегијата за млади, не знаат дали нивната локална самоуправа има некакви механизми преку кои се обезбедува учество на младите во донесувањето одлуки. Мал дел од испитаниците (25%) посочуваат дека во нивната општина има некакви механизми за учество, но кога одговараат за какви механизми станува збор всушност може да се види дека тоа се најчесто неформални

---

[1] Гајтаноски Т, Родиќ Г., 2022. (ПДАС Меѓаши) Анализа на спроведувањето на правата на детето во Град Скопје

[2] Град Скопје, 2013. Стратегија за млади на Град Скопје 2014-2018

начини на консултирање на младите (трибини, разговори и поретко анкети), а не востановени механизми и тела. 97% од младите изјавуваат дека нивната локална самоуправа до сега не ги консултирала за некое битно прашање кое нив ги засега. Исто толку испитаници изјавуваат дека ниту пак локалните институции не ги вклучуваат ниту пак ги консултираат во донесувањето одлуки по прашања битни за нив (на пример спорт, култура и сл).

Согласно Анализата на спроведувањето на правата на децата на Град Скопје (октомври 2022 г.) на прашањето „Кој најчесто го бара твоето мислење за прашања кои се битни за тебе?", речиси две третини од испитаниците (65,5 %) изјавиле дека родителите/старателите најчесто го бараат мислењето од децата. Интересно е што дел од испитаниците (8 %) изјавиле дека никој не ги прашува или консултира за прашања кои се битни за нив. Од друга страна, мнозинството од децата (73,5 %) изјавиле дека мислењата кои ги даваат, понекогаш се прифаќаат, додека секогаш се прифаќаат само за 22,1 % од испитаниците. При тоа е многу важно формите на носење одлуки да не се сведат на симулација на правата и одговорностите што треба да се стекнат, туку на учениците да им даде вистинска можност да влијаат врз донесувањето одлуки за прашања што се од интерес за нивниот живот во училиштето и надвор од него.

Здружувањето на децата и младите и одлучувањето се важни сегменти од аспект на развој на нивната креативност, а волонтерството помага во насока на квалитетно исполнето време и чуство за општествено одговорна работа. Секако и нивната вклученост во организиран систем на активности ќе придонесе повеќе да се слушнат нивните потреби и тие би биле чинители во носењето одлуки за работи поврзани со децата и младите. Сепак постојат низа проблеми кои го отежнуваат нивното здружување. Немањето доволен број заеднички активности и проекти за деца и млади во различни делови од градот, немањето младински клубови, како и програми кои би го поттикнале младинскиот активизам укажува на неорганизиран пристап кон здружувањето. Немањето ресурси за вакво здружување како одредени фондови или простории за здружување, недостигот на вонннаставни активности како и недоволната поддршка од возрасните, директно влијае на нивната самодоверба и јасно покажување на храбар став за теми и дискусии кои се важни за младинското живеење и ја намалува можноста за реализација на младински иницијативи.

Во рамки на областа детско / младинско учество и носење одлуки може да се заклучи дека на територијата на Град Скопје нема доволно пракса на вклучување на децата и младите во донесувањето одлуки, ниту пак воспоставени механизми за учество како на пример младински совети, комисии, советници, младински парламенти и сл. Од друга страна меѓу младите се јавува и чуство дека вклученоста на нивните врсници кои се вклучени во накаква форма на донесување одлуки е благодарејќи на непотизам, протекционизам или одредени фаворизирања. Немањето критериуми за избор на младински претставници во разни тела на донесување на одлуки ги одалечува младите од таков вид активизам каде ќе се залагаат за подобри одлуки од нивни интерес. Дополнително недостатокот од младински политики

и јасни форми за учество на младите во донесувањето на одлуките само ја влошуваат ситуацијата по ова прашање.

## 2.3. Состојба во поглед на безбедноста на децата во Град Скопје

Проблемот со безбедноста на децата и младите станува сè поактуелен и поприсутен во нашето општество пошироко во државата, а посебно на територија на Град Скопје. Согласно Анализата на спроведувањето на правата на децата за Град Скопје 42,5 % од испитаниците сметаат дека има насилство во нивното училиште. На прашањето „кој облик на насилство е најчест помеѓу твоите врсници“, 25,7 % од учениците одговориле дека вербалното насилство е најчест облик, по што следи социјално насилство (исклучување од група/озборување) со 24,8 %. Трите најчести причини за насилство помеѓу врсниците се докажување на сила, љубомора и проблеми во однесувањето.

Дел од проблемите со кои се соочуваат децата и младите од аспект на безбедност се немањето врсничка поддршка и солидарност, зголемување на врсничко насилство, како и меѓугенерациски пренос на насилство (повисоките класови кон пониските класови). Овие девијантни појави можат сериозно да го нарушат дигнитетот на децата, нивното чуство дека училиштата се безбедна средина за нивен престој, како и нивното ниво на самодоверба и социјализација со своите врсници.

Недоволната сензибилност кон маните на дигитализацијата како и немање контрола над медиумите и социјалните мрежи отвораат низа проблеми со тоа колку се безбедни, какви пораки добиваат децата и младите и како тие влијаат на градење на нивната личност. Небезбедноста на интернетот ја потврдува и истражувањето каде испитаниците одговориле дека најбезбедно се чувствуваат дома (91,2 %) а најмалку безбедни на интернет (31,9 %).

Впечаток е дека помеѓу младите во Град Скопје постои и врсничка нетолеранција на етничка основа. Примери за тоа може да се видат на социјалните мрежи со објавување на недолични и навредливи содржини за другите етникуми, на спортските натпревари преку скандирања на недолични и навредливи содржини, договорени физички пресметки помеѓу младите симпатизери на спортските клубови, но исто така и зголемен број на вербални и физички пресметки помеѓу младите во автобусите на градскиот превоз. Ваквата ситуација укажува дека местата во јавниот простор понекојпат се претвараат во “арени” на нетрпеливост врз основа на етничка припадност (градскиот превоз, спортските објекти и училишните дворови) и стануваат места каде е нарушена безбедноста на младите и на сите околу нив.

Еден дополнителен проблем кој се јавува е безбедноста на учениците кога одат во и од училиште од аспект на движење по слободни тротоари, доволен број на семафори и пешачки премини кои се јасно обележани.

Најранлива категорија на деца во однос на безбедноста се децата на улица кои секојдневно се соочуваат со големи безбедносни ризици.

## 2.4. Состојба со децата на улица на територијата на Градот Скопје

Според Законот за правда на децата, дете во ризик е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело. Деца во ризик кои се честа појава на територијата на Град Скопје се група од околу 250 децата на улица. Овие деца се исклучително ранлива категорија која секојдневно се соочува со големи ризици. Согласно Анализата на состојбата со децата на улица (јуни – септември 2022 г.), забележано е дека тие најчесто се предмет на експлоатација на детски труд, на трговија со луѓе чија цел се питањето, како и сексуалната експлоатација. Овде, исто така, спаѓаат и присилната работа и отстранувањето органи. Овие деца не остваруваат повеќе од основните права. Повредени им се правата на соодветен стандард на живеење, социјална и здравствена заштита, домување, слобода на движење, образование. Неостварувањето на основните права влијаат негативно врз иднината на овие деца посебно затоа што начинот на живеење во таква ситуација на институционална незгриженост сериозно влијае на нивната самодоверба, желба да излезат од замките на бесперспективноста, да ги искористат можностите за личен раст и развој преку образование, како и да погледнат во иднината од позитивна перспектива. Во ситуација кога децата се без образование, како и без соодветна родителска грижа од една страна, а од друга страна има и затајување на институциите кои го третираат овој проблем се отвара простор за експлоатација на детски труд и трговија со деца и млади.

Коренот на проблемите со децата на улица има различна и длабока позадина. Решавањето на проблемот со децата на улица може да се адресира преку решавање на проблемите кои ја создаваат таквата ситуација како што се долгорочната сиромаштија на семејствата, неписменост на родителите и на децата, криминогеното однесување на членови на семејството, генерациски модел на однесување и традиционална субкултура, како и немање свест за значењето и потребата од образование.

# 3. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВРЕДНОСТИ НА СТРАТЕГИЈАТА

## 3.1. Визија

Скопје, град по мерка на децата каде тие ги уживаат сите свои права.

## 3.2. Мисија

Градот Скопје работи заедно со сите релевантни чинители да ги унапредува правата на децата, преку создавање на безбедна средина, каде тие не се дискриминирани и се мотивирани да се здружуваат и активно да учествуваат во донесувањето на одлуките кои ги засегаат.

## 3.3. Принципи и вредности

- **Доверба, партнерство и соработка** - во спроведувањето на стратегијата Градот Скопје ќе работи заедно со сите засегнати чинители, ќе гради меѓусебна доверба, ќе ги зајакнува партнерските односи и соработката со нив.
- **Учество и размена на мислење** – ќе се обезбеди активно учество на секој поединец и правен субјект кој е засегнат и заинтересиран, преку размена на мислења, знаења и искуства, што ќе придонесе за унапредување на заедничкото разбирање за предизвиците и ќе се влијае на развој на мерки кои најдобро ќе водат кон постигнувањето на стратешките цел.
- **Транспарентност, отчетност и одговорност** - Градот Скопје ќе ги споделува сите релевантни информации со сите чинители, заинтересираните страни и јавноста, ќе раководи одговорно со средствата кои ќе бидат наменети за реализација и ќе се грижи да обезбеди отчет кон сите кои на било кој начин се инволвирани и засегнати со оваа стратегија.
- **Еднакви можности и почитување на разликите** – при спроведувањето на мерките од Стратегијата Градот Скопје ќе внимава тие да обезбедуваат еднакви можности и поттикнувачка средина каде сите деца ќе можат во целост да го искористат својот потенцијал.
- **Одржливост и долгорочност** - Градот Скопје ќе презема активности кои обезбедуваат долгорочно решавање на проблемите и ќе обезбедуваат позитивни ефекти и по завршувањето на поддршката.
- **Иницијатива и проактивно делување** - Градот Скопје ќе ги следи состојбите, ќе ги идентификува приоритетните прашања за реализација на стратегијата, ќе презема акција и ќе ги поттикнува на делување и сите други релевантни чинители.

# 4. ПРИОРИТЕТИ, СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И СТРАТЕГИИ

## 4.1. Приоритет бр. 1: Недискриминација

**Стратешка цел бр. 1.1: Ниту едно дете не е дискриминирано по ниту една основа**

Специфична цел бр. 1.1.1: Констатирана состојба за нивото на дискриминација по различни основи во сите средни училишта на Град Скопје

Стратегии:

- Мапирање на состојбата со случаи на дискриминација и основите на дискриминација во сите средни училишта на Град Скопје
- Мониторинг на состојбата со дискриминација во средните училишта на Град Скопје

Специфична цел бр. 1.1.2: Зајакната свест и зголемено разбирање и сензитивност за различностите

Стратегии:

- Едукативни кампањи за општата јавност за препознавање на дискриминацијата
- Кампањи во средните училишта за подигнување на свеста за последиците од дискриминација со учество на учениците како креатори на кампањата
- Едукација на наставниот кадар, стручните служби, родителите и учениците преку серија на работилници на повеќе теми поврзани со дискриминација и почитување на различностите

Специфична цел бр. 1.1.3: Инстистуциите на локално ниво и граѓанските организаици кои работат со деца поефективно го адресираат прашањето на дискриминација преку ефикасна меѓусебна координација и соработка

Стратегии:

- Вмрежување на Град Скопје, ГО и локалните институции на Град Скопје
- Заеднички акции на чинителите вклучени во мрежата
- Јакнење на капацитетите на сите чинители од мрежата преку заеднички обуки, работилници, споделување на искуства

## 4.2. Приоритет бр. 2: Здружување и учество во одлучувањето

**Стратешка цел бр. 2.1: Зајакнати капацитети на децата за здружување и застапување за своите прва**

Специфична цел бр. 2.1.1: Поттикнување на здружувањето на децата преку програми на Локалниот младински совет на Град Скопје

Стратегии:

- Подготовка на општински програми за поддршка на младински иницијативи
- Промоција на програмите во сите средни училишта на територија на Град Скопје

Специфична цел бр. 2.1.2: Едукација на средношколците за јакнење на вештините за здружување и застапување на своите права и интереси

Стратегии:

- Подготовка и спроведување на тренинг програма за обука на средношколците за здружување и застапување на своите права
- Средби со Народниот правобранител и воспоставување систем на детски права во училиштата
- Кампања за промовирање на волонтерството и поттикнувачки мерки за негово интегрирање во образованието (волонтерски вонучилишни активности)
- Работилници за волонтерство, солидарност и хуманост

Специфична цел бр. 2.1.3: Јакнење на капацитетите на наставниот кадар за поддршка на иницијативи од деца и млади

Стратегии:

- Подготовка и спроведување на програма за обука на наставниот кадар за поддршка на здружувањето кај децата
- Подготовка на план за реализација на иницијативи од деца и млади

Специфична цел бр. 2.1.4: Отворање центри за деца и млади за поттикнување на здружување, социјализација и активизам

Стратегии:

- Организирање на донаторска конференција за поддршка на отворање на детски и младински центри
- Пилотирање на детски и младински центар во една општина
- Промоција на детски и младински центар
- Отворање на детски и младински центри во други општини

**Стратешка цел бр. 2.2: Децата учествуваат во процесите на носење одлуки**

Специфична цел бр. 2.2.1: Зголемување на информираноста на децата за нивното право и можностите за учество и подобрување на достапните механизми за учество

Стратегии:

- Едукација на децата и возрасните за Конвенцијата за правата на детето со фокус на правото на учество, како и други релевантни закони и информации кои ги засегаат децата

- Изготвување процедура и критериуми за избор на претставници на децата во училиштата, Локален младински совет на Град Скопје и други структури
- Развивање на соработката со граѓански организации кои работат во областа на правата на децата
- Отворање на детска/младинска информативна електронска платформа (со можност за коментари, информации, давање фидбек)

## 4.3. Приоритет бр. 3: Безбедност

**Стратешка цел бр. 3.1: Зголемена безбедност на децата и младите во град Скопје**

Специфична цел бр. 3.1.1: Намалување на сите видови на насилство

Стратегии:

- Воспоставување на структура во училиштата за меѓуврсничка едукација и медијација (одговорни лица од наставниот кадар и стручните служби, ментори меѓу учениците и нивна обука и подготовка)
- Меѓуврсничка едукација и медијација
- Кампања за намалување на врсничкото насилство
- Работилници за врсничко насилство и ментално здравје

Специфична цел бр. 3.1.2: Зголемување на безбедноста на децата во јавните установи, јавниот простор и ЈСП

Стратегии:

- Симулациски вежби за постапување при елементарни непогоди
- Обуки за прва помош и заштита
- Кампања за заштита од насилство во ЈСП и јавниот простор
- Мерки за зголемена безбедност на децата во сообраќајот (одбележување пешачки премини, ослободување на тротоарите)

Специфична цел бр. 3.1.3: Сузбивање на експлоатација на детски труд

Стратегии:

- Кампања за подигање на свеста за прекршување на детските права и експлоатација на детски труд
- Промоција на постоечките сервис линии за помош на децата
- Вклучување на општествено одговорни компании за работен ангажман на родителите

## 4.4. Приоритет бр. 4: Деца на улица

**Стратешка цел бр. 4.1: Интегрирање на децата од улица во образовниот процес (во предучилишните установи, основните и средните училишта) и нивна ресоцијализација**

Специфична цел бр. 4.1.1: Зајакнување на мулти-секторскиот пристап и соработката во решавање на проблемот со деца на улица

Стратегии:

- Имплементација на протоколот за меѓусекторска соработка за деца на улица
- Обука на стручните лица од надлежните институции вклучени во работа со деца на улица
- Следење на состојбата и обезбедување на статистички податоци за децата на улица во Град Скопје преку воспоставување на интегриран систем за следење на бројот на деца на улица
- Отворање  на нови центри за деца на улица со сеопфатни програми за интеграција на семејствата во општествениот живот
- Подигнување на свеста на компаниите за општествена одговорност и нивно поттикнување за придонес во решавање на проблемот со деца на улица.

Специфична цел бр. 4.1.2: Обезбедување на квалитетна образовна поддршка за децата на улица

Стратегии:

- Покрената иницијатива за законски измени во соодветната законска рамка заради овозможување ангажирање образовни тутори[3] кои ќе работат со деца на улица
- Обезбедување на образовни тутори кои ќе работат со децата на улица
- Почетни и континуирани обуки на образовните тутори за работа со деца на улица
- Обезбедување училишен материјал (тетратки, прибор) за децата на улица

**Стратешка цел бр. 4.2: Зајакнување на социо-економскиот статус на семејствата/ домаќинствата на децата на улица**

Специфична цел бр. 4.2.1: Вклучување на пазарот на труд на членовите од семејствата/ домаќинствата на децата на улица

Стратегии:

- Вклучување на членовите од семејствата/ домаќинствата со деца на улица во обуките за квалификација преку АВРМ
- Работно ангажирање на членовите од семејствата/ домаќинствата со деца на улица со поддршка од локалната самоуправа
- Поттикнување на социјално претприемништво кое ќе ги вклучува членовите од семејствата/ домаќинствата на децата на улица

---

[3] Лица кои ја знаат проблематиката и имаат задача да работат со децата на улица и да ги мотивираат да се вклопат во образовниот систем

Специфична цел бр. 4.2.2: Стекнување и менување на работните навики и вештини на членовите од семејствата/ домаќинствата со деца на улица заради вклучување во работен процес

Стратегии:

- Анализа на ефектите и ревидирање на програмите од локалната самоуправа за вклучување на членовите од семејствата/ домаќинствата со деца на улица во општествено корисна работа
- Спроведување на ефективни програми за општествено корисна работа
- Понуда на поддршка и помош преку граѓански организации и други алтернативни можности за поуспешна социјална вклученост на членовите од семејствата/ домаќинствата со деца на улица

**Стратешка цел бр. 4.3: Придонес кон менување на стилот на живеење на семејствата/ домаќинствата со деца на улица**

Специфична цел бр. 4.3.1: Едукација и психосоцијална поддршка на членовите на семејствата/ домаќинствата со деца на улица (животни вештини, родителство)

Стратегии:

- Унапредување на услугите, понуда на соодветни советодавни услуги и професионализација на советувалиштата
- Донесување програми од едукативен, културен и забавен карактер за членовите од семејствата/ домаќинствата на децата на улица
- Информирање и јакнење на свеста на родителите за злоупотреба на децата

Специфична цел бр. 4.3.2: Поттикнување на меѓусебна поддршка и помош меѓу родителите и старателите на деца на улица

Стратегии:

- Воспоставување на групи за самопомош во локалните заедници на родители/старатели кои имаат исти или слични проблеми
- Одржување на редовни средби и контакти на групите за самопомош

# 5. ВКЛУЧЕНИ ЧИНИТЕЛИ И СОРАБОТКА

Клучната одговорност за спроведувањето на Стратегијата ја имаат соодветните сектори и одделенија во Град Скопје вклучувајќи Сектор за јавни дејности со Одделение за социјална, детска и здравствена заштита и Одделение за спорт и млади, Сектор за локален економски развој, Сектор за сообраќај, Сектор за меѓународна соработка и поддршка на здруженија на граѓани, Сектор за правни работи, Сектор за образование, Сектор за финансиски прашања и Кабинетот на градоначалникот.

Во спроведувањето на акциските планови и соодветните мерки од Стратегијата, Град Скопје ќе ги вклучува и континуирано ќе соработува со соодветните институции. Министерството за труд и социјална политика, заедно со Заводот за социјална работа и ЈУМЦСР, Министерството за здравство, Министертсвото за правда и Министерството за локална самоуправа, ќе има значајна улога во спроведувањето на мерките поврзани со деца на улица. За реализација на целите од овој приоритет значајна ќе биде и улогата и Министерството за внатрешни работи, кое исто така е битен чинител во однос на реализацијата и на стратегиите поврзани со безбедноста на децата. Овој приоритет ќе бара и соодветен ангажман од страна на Народниот правобранител, кој се очекува да се вклучи и во активностите поврзани со недискриминација и здружување и учество на децата. Министерството за образование ќе има значајно влијание поврзано со активностите во сите приоритетни области. Соработка ќе треба да се остварува и со Агенцијата за вработување поврзано со кавалификација и доквалификација и работен ангажман на членовите на семејствата/домаќинствата со деца на улица.

За сите приоритетни области од големо значење ќе биде соработката со граѓанските организации, а дел од мерките во Стратегијата Градот Скопје ќе овозможи да бидат спроведувани од граѓански организации, компании и други чинители кои ќе бидат избирани на отворен повик и низ транспарентен и конкурентен процес.

Град Скопје, во линија со праксата на вклучување во процесот на подготовка и во согласност со принципот на учество, ќе создава можности за вклучување на децата и младите како најнепосредно засегнати од оваа Стратегија. За таа цел ќе се овозможат различни форми за нивно учество и во процесите на дизајнирање на активностите и во нивното спроведување, а исто така и во следењето и оценката на прогресот на Стратегијата.

# 6. СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА И МОНИТОРИНГ И ОЦЕНКА

Стратегијата за унапредување на правата на децата на територијата на Град Скопје ќе се спроведува во периодот 2023-2027. Спроведувањето на Стратегијата ќе се операционализира преку подготовка на годишни акциски планови. Планирањето на годишна основа ќе овозможи тековно прилагодување на Стратегијата на најактуелните потреби на децата, како и можност за натамошно учество на сите засегнати страни во процесот на планирање. За првата година од спроведувањето на Стратегијата се подготвени Акцискиот план за унапрдување на правата на децата и Акциски план за поддршка на децата на улица кои како посебни документи се во прилог на стратегијата. За секоја наредна година Градот Скопје ќе организира навремени консултации и подготовка на акциски планови со цел планираните финансиски средства да бидат предвидени во Буџетот на градот за следната година.

Средства потребни за спроведување на мерките за кои е потребно финансирање, освен од Буџетот на Град Скопје, ќе се обезбедуваат и преку финансиска поддршка од Владата, меѓународни организации и донатори, како и од општествено одговорни компании и социјални претпријатија кои работат на територијата на Град Скопје.

Резултатите од спроведувањето на Стратегијата ќе се документираат и ќе бидат презентирани во годишен извештај. Податоци за прогресот ќе се прибираат од терен, од извештаите за спроведените активности, како и од анализите кои се планирани како дел од самата Стратегија (пр. годишен мониторинг на дискриминацијата во средните училишта).

Успехот на спроведувањето на Стратегијата ќе се следи и оценува како од назначените служби во Градот Скопје, така и од страна на други заинтересирани надворешни чинители. За таа цел Градот Скопје ќе организира средби на работната група на квартално ниво на кои ќе биде презентиран прогресот во спроведувањето, но и предизвиците со кои се соочува Градот Скопје при спроведувањето на предвидените мерки од Стартегијата и ќе се овозможува низ консултации да се бараат најсоодветни решенија за нивно надминување. На средбите покрај претставниците на работната група, ќе може да учествуваат и заинтересирани граѓански организации, претставници на наставниот кадар и стручните служби во училиштата и претставници на учениците од средните училишта кои ќе споделуваат информации за состојбата и ќе даваат свои мислења и предлози. Во процесот на мониторинг и оценка на спроведувањето Градот Скопје ќе обезбедува стручна поддршка од УНИЦЕФ и други експертски организации кои го следат остварувањето на правата на децата. Заклучоците од средбите и прибраните мислења ќе бидат основа за евентуално ревидирање на Стратегијата и акциските планови и планирање на следните фази.

# Акциски планови за 2023

## Приоритет бр. 1: Недискриминација

## Стратешка цел бр. 1.1: Ниту едно дете не е дискриминирано по ниту една основа

| | Активност | Резултат | Период на спроведување | Инволвирани чинители | Индикативен буџет[4] |
|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел бр. 1.1.1: Констатирана состојба за нивото на дискриминација по различни основи во сите средни училишта на Град Скопје | | | | | |
| 1. | Подготовка на методологија за мапирање | Изготвена методологија и прашалник за мапирање | Прв квартал на 2023 | Град Скопје, граѓански организации, експерти | 60.000 МКД |
| 2. | Спроведување на мапирањето и промоција на добиените резултати | Спроведено истражување преку онлајн анкета Извештај од мапирањето објавен на веб страната на Град Скопје | Втор квартал од 2023 | Град Скопје, граѓански организации, средните училишта и експерти | 200.000 МКД |
| Специфична цел бр. 1.1.2: Зајакната свест и зголемено разбирање и сензитивност за различностите | | | | | |
| 1. | Подготовка на кампања за општа јавност за подигнување на свеста за последиците од дискриминација | Подготвен концепт за кампања | Трет квартал 2023 | Град Скопје, граѓански организации, агенција, медиуми | 100.000 МКД |
| 2. | Избор на ментори од средните училишта за реализација на Кампањата со учество на учениците креатори на кампањата со кои заедно ќе се подготвуваат | Избрани ментори и изготвен и реализиран Комуникациски план | Трет квартал 2023 | Град Скопје, ментори, ученици и граѓански организации | 300.000 МКД |

[4] Проценка на потребните финансиски средствата која може да послужи како насока за планирање

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | содржините и ќе се реализира камапањата | | | | |
| Специфична цел бр. 1.1.3: Инстистуциите на локално ниво и граѓанските организации кои работат со деца поефективно го адресираат прашањето на дискриминација преку ефикасна меѓусебна координација и соработка | | | | | |
| 1. | Воспоставување мрежа за борба против дискриминација од сите чинители - Град Скопје, средни училишта, граѓански организации, ЗЕЛС, општини во градот | Номинирани членови од сите чинители и формирана мрежа | 2023 | Град Скопје, средни училишта, граѓански организации, ЗЕЛС, општини во градот | |

## Приоритет бр. 2: Здружување и учество во донесување одлуки

## Стратешка цел бр. 2.1: Зајакнати капацитети на децата за здружување и застапување за своите прва

| | Активност | Резултат | Период на спроведување | Инволвирани чинители | Индикативен буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел бр. 2.1.1: Поттикнување на здружувањето на децата преку програми на Младинскиот совет на Град Скопје | | | | | |
| 1. | Формирање на работна група составена од Младински совет, Град Скопје, општини во Град Скопје и средношколци | Воспоставена работна група која ќе има функција да потикнува и координира подготовка на општински програми за поддршка на младински иницијативи | 2023 | Град Скопје, општини на територија на Град Скопје, Младински совет, училишта, деца | |
| Специфична цел бр. 2.1.2: Едукација на средношколците за јакнење на вештините за здружување и застапување на своите права и интереси | | | | | |
| 1. | Избор на обучувачи и подготовка на програма за обука за јакнење на вештините за | Подготвена програма за обука за јакнење на вештините за застапување | 2023 | Младински совет, ученици, училишта, Град Скопје, општини на | 100.000 МКД |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | застапување на своите права и интереси на децата и младите | на своите права и интереси на децата и младите | | територија на градот, граѓански организации | |
| Специфична цел бр. 2.1.3: Јакнење на капацитетите на наставниот кадар за поддршка на иницијативи од деца и млади | | | | | |
| 1. | Избор на обучувачи и подготовка на програма за обука на наставен кадар за разбирање на потребата од поддршка на младински/детски иницијативи | Подготвена програма за обука за поддршка на младински/детски иницијативи | 2023 | Град Скопје, обучувачи | 100.000 МКД |

## Стратешка цел бр. 2.2: Децата учествуваат во процесите на носење одлуки

| | Активност | Резултат | Период на спроведување | Инволвирани чинители | Индикативен буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел бр. 2.2.1: Зголемување на информираноста на децата за нивното право и можностите за учество и подобрување на достапните механизми за учество | | | | | |
| 1. | Формирање на Работна група  и изготвување на Критериуми за избор на претставници на децата во училиштата, младинскиот совет во Град Скопје | Изготвени Критериуми за избор на претставници на децата во училиштата, младинскиот совет во Град Скопје | Прва половина на 2023 | Град Скопје, граѓански организации, училиштата, ученици, младинскиот совет во Град Скопје | 60.000 МКД |
| 2. | Едукација на децата/ возрасните за Конвенцијата на правата на детето | Реализирана програми за едукација, Зголемена свест на деца/возрасни за правата на децата | 2023 | Експерт, Град Скопје, граѓански организации, деца/родители | 100.000 МКД |

## Приоритетна област бр. 3: Безбедност

## Стратешка цел бр. 3.1: Зголемена безбедност на децата и младите во град Скопје

| | Активност | Резултат | Период на спроведување | Инволвирани чинители | Индикативен буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел бр. 3.1.1: Намалување на сите видови на насилство | | | | | |
| 1. | Избор на едукатори од редовите на наставниот кадар и стручните служби и обуки за обучувачи за меѓуврсничка едукација и медијација (ненасилна комуникација, решавање конфликти) | Воспоставена структура во училиштата за меѓуврсничка едукација и медијација | Прва половина на 2023 | Народен правобранител, Средните училишта, Град Скопје, експерти | 100.000 МКД |
| 2. | Избор на ученици, нивна обука и менторирање за меѓуврсничка едукација и медијација | Група од по 12 ученици во секое училиште обучена и подготвена за меѓуврсничка едукација и медијација | Четврт квартал од 2023 | | 200.000 МКД |
| Специфична цел бр. 3.1.2: Зголемување на безбедноста на децата во јавните установи, јавниот простор и ЈСП | | | | | |
| 1. | Симулациски вежби за евакуација при елементарни непогоди | Подготвеност и обученост на учениците и наставниот кадар од средните училишта на Град Скопје при елементарни непогоди и катастрофи | 2023 (2 пати годишно во секое училиште) | Црвен Крст, средношколци и наставен кадар на Град Скопје | |
| 2. | Обуки за прва помош и заштита во средните училишта | Подготвеност и обученост за прва помош и заштита на учениците и наставниот кадар од средните училишта на Град Скопје | 2023 | Црвен Крст, средношколци и наставен кадар на Град Скопје | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Кампања за заштита од насилство во ЈСП и Јавни места | Спроведена кампања преку меѓуврсничка дисеминација со 5 ученика од секое училиште | Втора половина од 2023 | | 200.000 МКД |
| 4. | Одржување на безбедноста на собраќајната инфраструктура (значување и редовно поправање на означувањето на пешачките премини, обезбедување уредни/безбедни тротоари, осветлување и пешачки зони, редовно сервисирање на семафорите) | Подобрување на патната сигнализација во Градот и зголемена безбедност на децата во сообраќајот | 2023 | | |
| Специфична цел бр. 3.1.3: Сузбивање на експлоатација на детски труд | | | | | |
| 1. | Промоција на СОС линии за помош и подршка (објавување на СОС линиите за помош на веб страниците на Град Скопје; дистрибуција на флаери во средните училишта на Град Скопје) | Поголема информираност на средношколците од средните училишта на Град Скопје за постоењето на СОС линиите за помош | 2023 | Министертсво за внатрешни работи;<br>Меѓаши;<br>Отворена Порта;<br>ХЕРА;<br>Прв семеен центар;<br>ОЖС | 30.000 МКД за промотивен материјал |

## Акциски план за приоритет Деца на улица за 2023

**Стратешка цел бр. 4.1: Интегрирање на децата од улица во образовниот процес (во предучилишните установи, основните и средните училишта) и нивна ресоцијализација**

| | Активност | Резултат | Период на спроведување | Инволвирани чинители | Индикативен буџет[5] |
|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел бр. 4.1.1: Зајакнување на мулти-секторскиот пристап и соработката во решавање на проблемот со деца на улица | | | | | |
| 1 | Работни средби за презентација на протоколот за меѓусекторска соработка за деца во ризик | Одржани 10 работни средби за запознавање на стручните лица за протоколот за меѓусекторска соработка за деца во ризик и интегрирање во тековните годишни програми за работа | Прва половина на 2023 | Министерство за труд и социјална политика, Министерство за внатрешни работи, Завод за социјални дејности, Министерство за образование, Министерство за здравство, Министерство за локална самоуправа и граѓански организации | 90.000 МКД |
| 2 | Обука на стручните лица за спороведување на протоколот | Одржани 2 обуки за 50 лица (5 лица од една општина-10 општини) | Втора половина на 2023 | Град Скопје, Одделение за социјална заштита и одговорните служби во општините | 66.000 МКД |
| Специфична цел бр. 4.1.2: Обезбедување на квалитетна образовна поддршка за децата на улица | | | | | |
| 1 | Покрената иницијатива за законски измени во соодветната законска рамка (закон за основно образование, закон за социјална заштита) заради овозможување ангажирање  образовни тутори (социјален систент, | Изменета законска регулатива | Прва половина на 2023 | Град Скопје, Министерство за образование, Министерство за труд и социјална политика, експерт за законска регуларива | 60.000 МКД |

[5] Проценка на потребните финансиски средствата која може да послужи како насока за планирање

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | уличен ментор, односно лице-мотиватор кое ќе им даде поддршка на децата на улица) кои ќе работат со деца на улица | | | | |

**Стратешка цел бр. 4.2: Зајакнување на социо-економскиот статус на семејствата/домаќинствата со деца на улица**

| | **Активност** | **Резултат** | **Период на спроведување** | **Инволвирани чинители** | **Индикативен буџет** |
|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел бр. 4.2.1: Вклучување на пазарот на труд на членовите од семејствата/ домаќинствата со деца на улица | | | | | |
| 1 | Обуки за квалификација/ докфалификација од Агенција за вработување заради полесно вклучување на пазарот на трудот | 20 обучени | Прва половина на 2023 | Агенција за вработување, Град Скопје, Министерство за труд и социјална политика, граѓански организации | 60.000 МКД |
| 2 | Работно ангажирање на обучените лица | 20 вработувања | Втора половина на 2023 | Агенција за вработување, Град Скопје, општествено одговрни компани, социјални претријатија | |
| Специфична цел бр. 4.2.2: Стекнување и менување на работните навики и вештини на членовите од семејствата/ домаќинствата со деца на улица заради вклучување во работен процес | | | | | |
| 1 | Анализа на ефектите и ревидирање на програмите од локалната самоуправа за вклучување на членовите од семејствата/ домаќинствата со деца | Извештај и препораки во врска со програмите за општокорисна работа | Прва половина на 2023 | Град Скопје, Министерство за труд и социјална политика, Центри за социјална работа, експерт | 60.000 МКД |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | на улица во општествено корисна работа | | | | |
| 2 | Идентификување на членови од домаќинствата и нивно вклучување во програми за општокорисна работа | 20 лица вклучени во општокорисна работа | Втора половина на 2023 | Компании, граѓански организации, Центри за социјална работа, Министертсво за внатрешни работи | |
| 3 | Ангажирање на граѓански организации и други чинители да спроведуваат програми за ментори кои во континуитет ќе обезбедуваат поддршка за семејствата | 3 поддржани проекти/ програми годишно | Втора половина на 2023 | Град Скопје, граѓански организации и компании | 4.500.000 МКД за проекти за менторска поддршка |

**Стратешка цел бр. 4.3: Придонес кон менување на стилот на живеење на семејствата/ домаќинствата со деца на улица**

| | Активност | Резултат | Период на спроведување | Инволвирани чинители | Индикативен буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| Специфична цел бр. 4.3.1: Едукација и психосоцијална поддршка на членовите на семејствата/ домаќинствата со деца на улица (животни вештини, родителство) | | | | | |
| 1 | Унапредување на услугите, понуда на соодветни советодавни услуги и професионализација на советувалиштата | Членовите на семејствата/ домаќинствата со деца на улица имаат континуиран пристап до услуги за едукација и психосоцијална поддршка | 2023 | Град Скопје, граѓански организации, Министерство за труд и социјална политика | 6.000.000 МКД годишно |
| Специфична цел бр. 4.3.2: Поттикнување на меѓусебна поддршка и помош меѓу родителите и старателите на деца на улица | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Формирање неформални групи за самопомош составени од членови на домаќинства на деца на улица во локалната заедница и поддршка на нивни редовни средби | 20 семејства разменуваат искуства и си даваат меѓусебна поддршка во групите за самопомош | 2023 | Граѓански организации, Град Скопје, Министерство за внатрешни работи, Црвен Крст на Град Скопје | 50.000 МКД за 2023 |